# 22 Април –Ден на планетата Земја

## Поема за Земјата

На ливада трева,

среде ливада цвет.

Да биде убав сиот свет!

Рибите пливаат низ река бистра.

Плашлива срна крај потокот чист,

слезе да изгаси жед силна.

На гранка славеј,

пее песна милна.

Природата наша многу вреди

Треба да ја чуваме, да не ни бледи!

Планетата Земја тажна е денес,

Несовесни луѓе ја нагрдуваат неа!

Моли за спас и има порака до сите нас:

Чувајте ме, за добро на сите!

За неа се грижам јас

и така добрина правам во секој час!

Андреа Трајкова Vб

**Спаси ја планетата Земја, таа е во твои раце!**



**Не ја загадувај природата таа е нашата иднина!**

